Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-74/5
14. 1 2019 год.
Скопје

Врз основа на Упатството за спроведување на подготвителни административно-правни активности за проекти кои се реализират од страна на Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје усвоено на Деканатскатата управа на X редовна седница оддржна на 25.VI.2014 година, и врз основа на Записник на Комисијата за наука и меѓународна соработка од 28.12.2018 година, Деканатската управа на својата XXII редовна седница, оддржана на 10.01.2019 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти при Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

### I

Со оваа Одлука се доделуваат средства за финансирање на научно-истражувачки проекти при Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### II

Право на финансирање на проекти по оваа Одлука се остварува ако:

- носител на проектот е редовно вработен наставник или група на наставници при Институтите во состав на Филозофскиот факултет (чиј статус на редовен работен однос не е во мирување или не истекува во годината во која се одобрува финансирањето на научно-истражувачкиот проект);
- проектот не е финансиран од други извори;
- проектот е поднесен на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

### III

Покрај исполнување на критериумите од Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, поднесените научно-истражувачки проекти треба да ги остваруваат и следните критериуми:

- поврзаност на насловот на проектот со наставно-научната дејнот на Филозофскиот факултет;
- влијание на целите на проектот врз унапредување на наставно-научната дејност на Филозофскиот факултет, и образованието во Р. Македонија;
- влијание на очекуваните резултати од проектот врз актуелната и идна наставно-научна дејност на Филозофскиот факултет;
- оддрживост на проектните резултати и нивно влијание врз наставните програми на Филозофскиот факултет, и

- поврзност на финансискиот план со предвидените цели и очекувани резултати на проектот.

**IV**

Средства за финансирање на научно-истражувачки проекти поднесени од Институтите при Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се доделуваат најмногу на два проекти во текот на една календарска година. Изборот на проектите за финансирање се засновува врз Предлог на Комисијата за наука и меѓународна соработка и Одлука на Деканатската управа.

Висината на средствата за финансирање на научно-истражувачки проекти од страна на Филозофскиот факултет изнесува 150.000 денари по проект. Изворот на финансирање ќе биде од сопствени средства остварени од капитални, материјални и режиски трошоци за Психолошко-педагошка доквалификација (ППМ Доквалификација).

Носителот на проектот е должен да ги реализира финансиските средства согласно утврдениот финансиски план (според кој за хонорари можат да бидат искористени најмногу 25%), како и согласно Упатството за спроведување на подготвителни административно-правни активности за проекти кои се реализират од страна на Филозофскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје усвоено на Деканатскатата управа на X редовна седница оддржна на 25.VI.2014 година.

По еден примерок од оваа Одлука да се достави на: Раководителите на Институтите, деканот, продеканите, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

____________________

проф. д-р Ратко Дуев

Изработил: Василка Наумоска
Одобрил: Проф. д-р Маја Геровска Митев